**20242534449**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ

Член 1

Во Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/09, 153/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/21), во Класификација на расходите на синтетичките конта од класата 4-Расходи, во поткатегоријата 46-Субвенции и трансфери, ставка 465-Исплата по извршни исправи, по потставката 465330-Трошоци по судски порамнувања се додава нова ставка 466 и две нови потставки 466110 и 466120 кои гласат:

„466-Плаќања по гаранции

466110 Плаќање по гаранции кон нерезидентни кредитори

466120 Плаќање по гаранции кон резидентни кредитори”.

Во поткатегоријата 48-Капитални расходи, ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, потставката „485570-Плаќање по гаранции“ се брише.

Насловот на поткатегоријата 49 се менува и гласи:

„Отплата на главнина и одлив“.

По потставката 493210-Отплата на главнината на долгорочни позајмувања од централниот буџет се додаваат две нови ставки 494 и 495 и две нови потставки 494110 и 495110 кои гласат:

„494 Одлив по дадени заеми кон институции

494110 Одлив по дадени заеми кон финансиски институции

495 Одлив по гаранции

495110 Одлив по гаранции”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 08-12718/1
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.